# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 1 година XXXVIII

Март 2025 г.



*СОДРЖИНА*

2 страна - **Нова методологија за проценка на лицата со попреченост**

3 и 4 страна - **Програмски активности на РЦПЛИП – ПОРАКА во 2025 година**

5 страна - **Нов предлог на Закон за вработување и професионална рехабилитација на лица со попреченост**

6 и 7 страна - **Активности на ЕАСПД - На Европската унија и треба силен Социјален Фонд за да ги исполни своите обврски**

7, 8 и 9 страна - **Активности на Европскиот форум за попреченост - Следниот буџет на ЕУ мора да продолжи да ги поддржува маргинализираните групи**

10 страна - **Напредок и предизвици за образованието и грижата во раното детство во Европа**

11 - 15 страна - **Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА**

16 страна - **Креативна работилница на социјалниот клуб на РЦПЛИП - ПОРАКА во Битола**

***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Март 2025 г. Број 1, год. XXXVIII**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Артифекс Креативе ДОО Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, Скопје;
тел.: 329 69 61; e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

## Активности на Министерство за социјална политика, демографија и млади

# Нова методологија за проценка на лицата со попреченост

Во октомври 2023 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе исклучително важниот Закон за системот за проценка на лицата со попреченост. Со овој закон се уредува системот за проценка на лицата со попреченост, воспоставувањето и организацијата на задачите на Централното координативно тело за проценка на лица со попреченост и работите што ги врши, изворите на финансирање на системот за проценка на лицата со попреченост, како и условите и постапката за лиценцирање на лицата кои вршат проценка. Дополнително, законот ги уредува условите и постапката за сертифицирање обучувачи кои спроведуваат обуки за вршење проценка, вршењето на проценката на лицата со попреченост и издавањето наод и мислење и потврда за лице со попреченост, надоместоците, трошоците и партиципацијата во системот за проценка на лица со попреченост. Исто така, законот ги уредува воспоставувањето и водењето на регистарот на лицата кои вршат проценка и на регистарот на лица со попреченост, воспоставувањето и администрирањето на информацискиот систем за проценка на лицата со попреченост, како и други прашања од значење за системот за проценка на лица со попреченост.

Изминатиот период, Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рамките на Проектот за администрирање на социјалното осигурување, кој се спроведува со поддршка од Мисијата на Светска банка во Скопје, работеше на подготовка на предлог методологија за проценка на лицата со попреченост. Предлог методологијата се базира на досегашните искуства од воспоставување на системи за проценка во 10тина земји од регионот на Западен Балкан и од Европа.

Со цел да се утврди дали предлог методологијата ќе ги даде очекуваните резултати, почнувајќи од април 2025 година, се предвидува пилотирање на методологијата, односно спроведување на тестирање на постапките за проценка низ целата држава, во која доброволно ќе бидат опфатени 2.000 лица со попреченост од кои 500 деца и 1.500 возрасни лица.

Националните организации на лицата со попреченост, вклучувајќи го Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА, ќе бидат вклучени во оваа фаза преку информирање и поврзување на своите членови со комисиите кои ќе ја спроведуваат пилот проценката.

Исто така, во рамките на овој проект е предвидено формирање на единствен регистар на лица со попреченост, што со години наназад е основно барање на националните инвалидски организации поради важноста за точно одредување на бројот на лица со попреченост како основа за подобро планирање на политики и мерки за унапредување на нивните права.



Активности на РЦПЛИП – ПОРАКА

# Програмски активности на РЦПЛИП – ПОРАКА во 2025 година

**Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА во 2025 година ќе продолжи со реализација на активностите кои произлегуваат од поставените цели и принципи на делување. Програмските активности на РЦПЛИП – ПОРАКА се базираат и се во насока на процесот на имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, како исклучително значаен документ кој има правно-обврзувачки карактер за државите кои го имаат ратификувано. Референтен документ кој РЦПЛИП – ПОРАКА ќе го користи во своето делување ќе бидат Заклучните согледувања за имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, кој Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост го упати кон Република Северна Македонија за време на септемвриската сесија на Комитетот во 2018 година. РЦПЛИП – ПОРАКА имаше и ќе има значајна улога во сите процеси кои се однесуваат на Конвенцијата.**

Во таа насока, РЦПЛИП - ПОРАКА и во 2025 година продолжува со редовните активности за застапување на правата на лицата со интелектуална попреченост и унапредување на законската рамка во областите на социјална заштита, образование, здравствена заштита и здравствено осигурување, вработување, наметнувајќи ги усвоените приоритети на своето членство како неопходни промени за унапредување на правата на лицата со интелектуална попреченост. Како основен инструмент за лобирање и застапување ќе се користи Извештајот на РЦПЛИП – ПОРАКА за напредокот во имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во изминатата деценија од нејзината ратификација, насловен „10 години потоа“.

**Една од основните активности на РЦПЛИП – ПОРАКА е одржување, развивање и унапредување на работата во социјалните сервисни служби во местото на живеење.** Активностите во оваа област се насочени во два правци: кон одржување на континуитет во работата на оформените социјални сервисни служби (дневни центри и социјални клубови) за лица со интелектуална попреченост и кон создавање на услови за промовирање на други видови на сервисни служби, особено мали групни домови и служби за организирано живеење со поддршка на лица со интелектуална попреченост кои ќе ги напуштаат резиденцијалните институции како резултат на процесот на деинституционализација. Во текот на 2025 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи со иницирање пред локалните самоуправи, со цел активно да учествуваат во процесот на одржливоста и отворањето на нови сервисни служби во своите општини, согласно Законот за локална самоуправа. Воедно, РЦПЛИП - ПОРАКА ќе продолжи и со иницијативата за оформување на систем од сервисни служби за интервенција во раното детство. Ставот на РЦПЛИП – ПОРАКА е дека е неопходно воспоставување на позитивен модел на поддршка на семејствата кои имаат деца со интелектуална попреченост. Постоењето на вакви сервисни служби во кои родителите и децата ќе добијат директна психо-социјална поддршка во најрана детска возраст е основа за понатамошна работа за развивање на потенцијалот на децата со интелектуална попреченост и нивна инклузија во редовниот систем од рана детска возраст.

**Во текот на 2025 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи со иницијативата за подобрување на условите за лиценцирање на здруженијата кои обезбедуваат дневни услуги.** РЦПЛИП – ПОРАКА предлага да се спроведе ревизија на правилникот со вклучување на здруженија кои имаат искуство во давањето на дневни услуги, со цел истиот да овозможи:

- Минимум реално остварливи стандарди кои ќе бидат неопходни да се исполнат од страна на секое здружение.
- Поголема флексибилност на критериумите и можност за диференцијација според целни групи, особено кога станува збор за дневни центри за различни групи на лица со попреченост, бидејќи не е соодветно истите стандарди да важат за различни групи.
- Поголема насоченост кон квалитетот на процесот на давање на услугата, согласно современите рамки за квалитет на социјални услуги, преку воведување на одредби кои ќе го регулираат индивидуалниот пристап





## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

и личното планирање, употреба на современи методи и техники за работа, како и вклучувањето на корисниците во процесот на планирање и давање на услугата.

**Унапредувањето на законските можности за остварување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост е редовна и континуирана активност на РЦПЛИП – ПОРАКА.** Во 2025 година особено внимание ќе се посвети на процесот на имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, како исклучително значаен документ кој има правно-обврзувачки карактер за државите кои го ратификувале. Истовремено, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да го користи извештајот за напредокот во имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост „10 години потоа" како инструмент за лобирање пред институциите кои се одговорни за остварување и унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост. Во 2025 година, РЦПЛИП – ПОРАКА активно ќе придонесува за имплементација на новата Национална стратегија за права на лицата со попреченост 2023 – 2030. Во процесот на подготовка на стратегијата, РЦПЛИП – ПОРАКА се залагаше за сериозни решенија преку конкретни, остварливи мерки и активности, базирани на реални согледувања на потребите, кои ќе бидат дизајнирани во соработка со организациите на лицата со попреченост. РЦПЛИП – ПОРАКА како членка на ЕАСПД – Европска асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост, е директно вклучена во донесувањето и спроведувањето на низа важни акти на ниво на Европа, како што е Европска стратегија за лица со попреченост 2021 – 2030, која води кон целосно учество на лицата со попреченост во општеството. РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да ги пренесува европските трендови и иницијативи во нашата држава и ќе придонесува за актуелизирање на потребата од ефективно прифаќање и имплементација на европски документи и развојни програми.

**Во текот на 2025 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да имплементира активности поврзани со подигнување на јавната свест во однос на потребите и правата на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства.** Овие активности претставуваат програмско продолжение на досегашните кампањи на РЦПЛИП – ПОРАКА, а ќе бидат насочени кон истакнување на потребата од ефективно имплементирање на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, и промовирање на правото на достоинствен живот во заедницата за лицата со интелектуална попреченост преку соодветни сервисни служби.

**Заради поефективно остварување на програмските задачи на локалните организации, дел од редовните активности на РЦПЛИП – ПОРАКА се и координација и стручно-методолошка поддршка на локалните организации** за реализација на значајни активности на локално ниво. РЦПЛИП – ПОРАКА, во договор со локалните организации, ќе пружи директна поддршка во реализацијата на јавни настани на локално ниво и состаноци со локални и власти и институции. Зајакнувањето на капацитетот ќе се изведува и преку организирање на работилници за SWOT анализа и стратешко планирање за унапредување на работењето на локалните организации и на сервисните служби. Исто така, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе организира и ќе овозможи таргетирано учество на обуки за претставници на локалните организации, во зависност од потребите на локално ниво.

Препознатливоста на РЦПЛИП – ПОРАКА како лидер во областа на права за лица со интелектуална попреченост континуирано резултира со нови партнерства и заеднички активности со организации и институции чии програмски активности имаат допирни точки со оние на РЦПЛИП – ПОРАКА. **Во текот на 2025 година ќе се истражуваат можности за соработка со партнер организации на национално и меѓународно ниво** со цел креирање на иновативни развојни програми за модернизација на пристапот на работа и воведување на нови програмски активности користејќи дигитални иновативни проекти. Овој нов модерен пристап ќе овозможи подобрување на квалитетот на живот на лица со интелектуална попреченост во нашата држава.

**Во 2025 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи со соработката воспоставена на меѓународно ниво со ЕАСПД** и други асоцијации и ќе учествува во заеднички иницијативи, активности и проекти кои произлегуваат од членството во овие организации. РЦПЛИП – ПОРАКА, исто така, ќе продолжи со спроведувањето на активностите во рамките на партнерските проекти кои се реализираат на европско ниво.

**Исто така, издавачката и информативната дејност, која е редовна активност на РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да се спроведува во 2025 година.**

**Програмата за работа на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА за 2025 година е отворена и може да се надополнува во текот на нејзината имплементација.**





## Унапредување на законските можности

# Нов предлог на Закон за вработување и професионална рехабилитација на лица со попреченост

Кон крајот на јануари 2025 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади повторно го актуелизираше новиот предлог на Закон за вработување и професионална рехабилитација на лица со попреченост преку кој треба да се воведе нов систем за вработување на овие лица. Со овој предлог на Закон се очекува воведување на современ пристап кон вработувањето на лицата со попреченост на отворениот пазар на трудот, дизајниран на начин кој ќе биде достапен за сите. Исто така, се очекува воведување на професионална и стручна рехабилитација во системот и обезбедување на систематски, доследен и структурен начин на финансирање на сите стимулации од државниот буџет. Предлогот на Закон за вработување и професионална рехабилитација на лица со попреченост треба да претставува приоритет, особено во услови кога недостигот на работна сила во економијата значително влијае на нејзиниот развој.

**Приоритети и препораки на РЦПЛИП – ПОРАКА во областа на вработувањето на лица со интелектуална попреченост**

Основни приоритети за лицата со интелектуална попреченост во оваа област се воведување на квотен систем и професионална рехабилитација, подобрени можности за вработување на отворениот пазар на труд и воведување на моделот на поддржано вработување.

Ставот на РЦПЛИП – ПОРАКА останува непроменет во изминатите години и се залага за промовирањето на моделот на поддржано вработување на отворениот пазар на трудот. Тоа не значи дека заштитните трговски друштва треба да исчезнат, туку дека постои потреба од промена во визијата и мисијата на сите носители на акции што се вклучени во процесот на вработување на лицата со интелектуална попреченост. Оваа промена, до одреден степен, ќе треба да се случи и во однос на заштитните трговски друштва, кои не треба да го сочинуваат автоматскиот и единствен избор за вработување на лицата со попреченост, туку треба да нудат можности за развој и за нови квалификации. Во таа смисла, заштитните трговски друштва можат да се искористат за подготовка на лицата со интелектуална попреченост и нивно трансферирање на отворениот пазар на трудот. Од посебна важност е при вработувањето на лицата со интелектуална попреченост, без разлика на моделот (заштитно трговско друштво или вработување во јавниот или приватниот сектор) да се внимава средината, работните задачи и поддршката кои се на располагање да се соодветни на нивните потреби и аспирации. Поради тоа, треба да се користат различни техники за индивидуален пристап со што ќе се овозможи соодветни вработување во согласност со капацитетот и можностите на лицето со интелектуална попреченост.

**Препораки:**

- Доследно воведување на моделот на поддржано вработување на лицата со интелектуална попреченост во новата законска рамка и постепено напуштање на моделот на заштитно вработување.
- Воведување на квотен систем на вработување за лица со интелектуална попреченост во јавната администрација и на отворениот пазар на труд, со што ќе се овозможи вклучување во редовните текови на општествениот живот.
- Преземање мерки за намалување на злоупотребите на лицата со интелектуална попреченост на работното место. Анализите на РЦПЛИП – ПОРАКА посочуваат дека вработените лица со интелектуална попреченост честопати се жртви на дискриминација, вознемирување, предрасуди и навредувачки однос на работното место.
- Преземање мерки за откривање и санкционирање на фиктивно вработување. Постојат случаи кога на иницијатива на работодавачот лицата со интелектуална попреченост склучуваат договори за вработување, но не започнуваат со работа, а за тоа добиваат мала сума пари. Од друга страна, работодавачот ги користи бенефитите согласно Законот за вработување на инвалидни лица, што претставува класичен пример на злоупотреба.
- Зајакнување на механизмот за следење и контрола на односот на работодавачот кон вработените лица со интелектуална попреченост, како исклучително важно за ефективно остварување на правото на вработување.



Активности на ЕАСПД

# Време е за амбициозност: На Европската унија и треба силен Социјален Фонд за да ги исполни своите обврски

**Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) заедно со своите организации членки се обединија во активности за застапување пред членовите на Европскиот парламент и влијание врз гласањето за Европскиот социјален фонд+ предложен од Комитетот за вработување и социјални работи при Европскиот парламент кое ќе се одржи на 11-ти март. Во таа насока се подготви заедничка изјава која ја потпишаа голем број организации меѓу кои и Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА.**

Како што напредуваат дискусиите за следниот долгорочен буџет на ЕУ, постои сè поголем ризик дека суштинските социјални инвестиции можат да бидат скратени или споени, загрозувајќи ја поддршката за милиони Европејци. Но, силен Европски социјален фонд е неопходен за да се:

- Намалат нееднаквостите и да се поттикне социјалната кохезија;
- Креираат работни места и да се обезбеди обука;
- Поддржат оние кои се наоѓаат во најголем ризик од сиромаштија и исклученост;
- Зајакне европската економска и социјална отпорност.

Потребен ни е самостоен, добро финансиран Социјален фонд со јасни приоритети за вработување, социјална инклузија и намалување на сиромаштијата. За таа цел ги повикуваме членовите на Европскиот парламент да го поддржат извештајот предложен од Комитетот за вработување и социјални работи кој опфаќа суштински точки за неговиот опсег, намена и усогласеност со обврските за човекови права.

Како одговор на загрижеността за потенцијални кратења и ризикот од спојување на механизми за финансирање, ЕАСПД и нејзините организации членки подготвија заедничката изјава за силен и самостоен Европски социјален фонд+. Изјавата е потпишана од голем број граѓански организации, која повикува за самостоен, целосно финансиран Европски социјален фонд за да се промовира социјална инклузија, да се намалат нееднаквостите, и да се осигури дека Европа останува конкурентна на глобално ниво. Гласот на членовите на Европскиот парламент на 11 март ќе биде круцијален во осигурување дека ЕСФ+ е целосно зајакнат за да ги исполни обврските на ЕУ за социјална кохезија, искоренување на сиромаштијата и инклузија.

## Заедничка изјава

Европската Унија започна со разговори за следниот долгорочен буџет на ЕУ, што ќе одреди како милијардите евра се инвестираат во иднината на Европа. Првичните дискусии предлагаат потенцијални кратења во суштински програми за социјални инвестиции. Предлозите за спојување на механизми за финансирање во голема мера ризикуваат да ја ослабат поддршката за клучните акции и програми во однос на интеграција на пазарот на трудот, обука и социјална инклузија.

На Европа и треба цврст ЕУ буџет, напоредно со пошироки економски, социјални и еколошки политики. Самостоен Социјален Фонд ќе биде клучен за намалување на нееднаквостите, промоција на социјални иновации и постигнување на високи стапки на вработеност, зајакнување на единечниот пазар и Европа да стане поконкурентна на глобално ниво. Ова одекнува од Комитетот за вработување и социјални работи при Европскиот парламент.

Европската унија се обврза да им помогне на најмалку 15 милиони лица, од кои барем 5 милиони се деца и да ги извади од сиромаштијата до 2030 година. Тоа е неопходна цел што може да се постигне само доколку е поддржана со конкретна акција, доволно ресурси и политичка амбиција за да се овозможи поголема социјална кохезија и инклузија.

Во 2023 година, алармантна бројка од 94.6 милиони лица во Европа биле во ризик од сиромаштија или социјално исклучување. И покрај маргиналните подобрувања во изминатите години, шокирачки, скоро едно од четири деца се заглавени во овој круг. Националните граѓански организации, исто така, известуваат за покачување во екстремните облици на сиромаштија, со повеќе барања за поддршка во храна и помош за плаќање на сметките, особено сметките за домување и енергија.

Зголемените разлики дополнително ќе се продлабочуваат без поддршка на оние на кои најмногу им е потребна. Ова се однесува на животот на лицата и заедниците и поттикнува на пошироки социо-економски загрижености и политичка нестабилност.

Земајќи го предвид актуелниот геополитички, безбедносен и социо-економски контекст, од суштинско значење е ЕУ цврсто да застане и да осигури дека нејзините социјални приоритети се заштитени. Одлучното инвестирање во лица на кои им е потребна поддршка ќе ги зајакне социјалните права, ќе превенира поларизација, ќе даде поддршка на претпријатијата и ќе обезбеди сите заедници да бидат добри, како социјално така и економски.

## Активности на ЕАСПД

Во изминатите години, политиката на кохезија на ЕУ се покажа како витална за инвестирање во луѓето, особено во најзагрозените региони. Во срцта на овој успех е Европскиот социјален фонд+, кој беше клучен за креирање работни места, обезбедување критичка обука, поттикнување на реформи за социјална инклузија и ублажување на најитните потреби на лицата кои се соочуваат или се изложени на ризик од сиромаштија. Овој фонд го поддржа секој од нас, нашите пријатели, семејства и локални заедници, заедно со нашите локални бизниси, социјалната економија, социјалните и други суштински сервисни служби. Планиран, менаџиран и мониториран во тесна соработка со различни нивоа на владини и локални организации, ја има способноста да се прилагоди како на регионалните потреби, така и на пошироките глобални предизвици, подобрувајќи ја вработливоста и зајакнувајќи го Европскиот модел на социјална пазарна економија. Сè уште има време да се постави вистинскиот пат и да се обезбеди силен социјален фонд управуван од заедницата, добро усогласен со локалните и регионалните потреби, кој одржливо ги зајакнува општествата и директно инвестира во оние на кои им е најпотребно и во нивниот потенцијал.

Со стратешка употреба, посилен Европски социјален фонд може да ги поддржува човековите права, да ја зајакнува социјалната кохезија, да гради подобро квалификувана работна сила, да ја унапредува долгорочната економска одржливост и да поттикнува на продуктивност и иновативност – обезбедувајќи просперитетни региони и зајакнување на глобалната конкурентност на Европа.

**Како заклучок, следниот долгорочен буџет на ЕУ мора да вклучува:**

- **Зајакнат самостоен Европски социјален фонд, со зголемени средства, а не намален.**
- **Наменско финансирање на обуки и работни места, мерки за социјална инклузија и борба против детската сиромаштија, вклучително и адресирање на основните потреби низ клучните програми.**
- **Цврст принцип за партнерство што овозможува соработка помеѓу јавни власти, локални организации, социјални партнери, социјална економија и граѓанско општество, добро усогласени со локалните и регионалните потреби, со цел да се максимизира влијанието и ефикасноста. Ова треба да опфати програми за зајакнување на капацитетот.**
- **Мерки кои поттикнуваат вработување и социјални реформи за да се помогне во унапредувањето на системите за социјална помош, грижа, обука и сервисните служби за поддршка, оспособувајќи ги оние кои се изложени на ризик од сиромаштија и социјално исклучување. Ова значи задржување на тековните услови, кои ја поврзуваат подобноста за финансирање со пристапноста, инклузијата и заштитата на основните и социјалните права.**

**Подготвени сме да ги поддржиме креаторите на политики во развивањето и во имплементирањето на овие приоритети за да се обезбеди посилна, инклузивна и повеќе просперитетна Европа.**

## Активности на Европскиот форум за попреченост

# Следниот буџет на ЕУ мора да продолжи да ги поддржува маргинализираните групи

Европскиот форум за попреченост презема активности како одговор на потенцијалните кратења во новиот буџет на ЕУ.

ЕДФ во својата изјава објавена на 20-ти февруари предупредува дека дискусиите за намалување на износот на идните програми за кохезија мора да се прекинат, бидејќи носат ризик од загрозување на животите на лицата со попреченост.

Можноста зголемениот фокус на конкурентноста да доведе до намалување на финансирањето на програми за кохезија носи ризик од загрозување на програми кои честопати се замена за недостатокот на трошење од страна на националните влади за социјална инклузија. Некои програми, на пример, им помагаат на младите лица со аутизам, АДХД, анксиозност или депресија во Данска при процесот на нивното образование или вработување. Во Германија овозможуваа домување за германските граѓани кои се соочуваат со бездомништво. Со намалување на буџетот за Кохезија, земјите ќе имаат два избори: или да трошат сопствени пари за да ги покријат овие проекти или да ги занемарат животите на своите граѓани.

Со својата изјава ЕДФ ги повикува институциите на ЕУ, и особено националните влади, да го заштитат износот што е наменет за програмата Кохезија, издржливост и вредности, што е дел од следната повеќегодишна финансиска рамка. Исто така ги повикува владите да ја зголемат поддршката за граѓанското општество, што е од суштинско значење за да се осигура дека овие програми ги поддржуваат соодветните лица, со тоа што гарантираат дека програмите за граѓаните, еднаквоста, правата и вредностите се добро финансирани и по 2027 година.

### Изјава на ЕДФ

Ја повикуваме Европската унија да не ја отстранува поддршката за маргинализираните или групите во ризик кога ќе одлучува за следното ЕУ финансирање.

Загрижени сме дека ЕУ значително ќе ги намали буџетот за Кохезија, издржливост (отпорност) и вредности за време на нејзините преговори околу обновената Повеќегодишна финансиска рамка (Multiannual Financial Framework – MFF). Преговорите ќе ги одредат трошоците на ЕУ за седумгодишниот период, од 2028 година до крајот на 2034 година.

Намалувањето може да значи слабеење на фондовите кои директно ги подобруваат животите на

## Активности на Европскиот форум за попреченост

граѓаните на ЕУ, како што се Европскиот социјален фонд плус, Фондот за регионален развој и Еразмус+. Ова се фондови кои често ги заменуваа националните владини трошоци при подобрување на социјалната инклузија на лицата со попреченост во образованието, вработувањето и самостојното живеење.

Исто така, се фрли сомнеж околу иднината на програмата Граѓани, еднаквост, права и вредности, која обезбедува клучна поддршка на мрежите кои работат за еднаквост и против дискриминација, вклучително и организации кои директно ги поддржуваат граѓаните.

Доколку се случат вакви кратења, ќе се влошат веќе зголемените препреки и нееднаквости кои ги искусуваат лицата со попреченост во ЕУ:

- Скоро 30% од лицата со попреченост во Европската унија живеат во сиромаштија.
- Лицата со попреченост имаат 21% помала веројатност да се вработат отколку лицата без попреченост.
- Лицата со попреченост имаат поголема веројатност рано да го напуштат образованието.
- Поголема е веројатноста тие да бидат преоптоварени со трошоци за домување.

Предизвиците се дури и поголеми за жените со попреченост, особено и оние кои се несразмерно изложени на насилство и злоупотреба.

Кратењата за кои се разговара би ги намалиле или елиминирале програмите кои директно се однесуваат на овие прашања. Поради тоа, многу е тешко да се оправдаат кратењата во актуелниот контекст.

ЕУ треба да постави појасни услови за тоа како земјите членки да ги користат овие фондови. Злоупотребата на фондовите кои се наменети за институции каде се сегрегираат лицата со попреченост, или непристапни структури, се постојан проблем. Токму поради ова, Европскиот форум за попреченост ја повикува Европската унија и нејзините земји членки да се согласат за амбициозната повеќегодишна финансиска рамка во периодот 2028 – 2034 година за поддршка на правата на повеќе од 100 милиони лица со попреченост во ЕУ, преку:

- Заштита на буџетот кон финансирање на Кохезија, издржливост и вредности.
- Заштита на постојаната поддршка за граѓанското општество кое работи за еднаквост и човекови права како дел од програмата Граѓани, еднаквост, права и вредности.
- Поставување на понасочени иницијативи за да се влијае во областите каде има ограничен напредок. Имено, воспоставување на Гаранција за вработување и вештини за лица со попреченост, врз основа на успешниот модел на Гаранцијата за млади, за да се поддржат повеќе лица со попреченост за вработување или обука.
- Осигурување дека употребата на фондови во рамките на пакетот Кохезија, издржливост и вредности е водена од сет на услови кои појаснуваат каков вид на активности се подобни за финансирање и се во согласност со заложбите на ЕУ за човекови права, како што е Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост.
- Вклучување на необврзувачки насоки на ЕУ за тоа како да се користат фондовите на ЕУ во регулативите за финансирање на ЕУ. На пример, јасно упатување на потребата од следење на Упатството на ЕУ за самостојно живеење и вклучување во заедницата за лица со попреченост, во условите што овозможуваат користење на Европскиот социјален фонд плус и Европскиот фонд за регионален развој.

# Повик до ЕУ за цврсти заложби на Глобалниот Самит за попреченост 2025

Глобалниот Самит за попреченост е глобален настан за застапување кој се стреми да ги унапредува правата на лицата со попреченост. Ги состанува на едно место чинителите кои делуваат во унапредувањето на напорите за меѓународна соработка и хуманитарни акции кои ја вклучуваат попреченоста. Самитот нуди практична платформа за создавање конкретни обврски и заложби. Обврските и заложбите се предложени инвестиции во финансиски и човечки ресурси за да се промовира развојот и хуманитарните акции кои ја вклучуваат попреченоста. Европската унија се обврза на 16 заложби во текот на претходниот Самит.

**Потребни се смели и силни заложби од страна на ЕУ**

Европскиот Форум за попреченост (ЕДФ) ја повикува ЕУ да се надогради на своите минати ветувања и да ги прошири своите напори за инклузија на областите на попреченоста на глобално ниво за време на претстојниот Самит.

Наведовме 10 клучни заложби што ЕУ треба да ги земе предвид за идниот развој и хуманитарните акции кои ја вклучуваат попреченоста. ЕУ мора јавно да ги соопшти своите заложби, во согласност со дадените насоки, на онлајн платформата пред Самитот (кој ќе се одржи на 2-ри и 3-ти април 2025 година).

### Предложени заложби на ЕУ

**Вклучување на попреченоста во финансирањето на ЕУ**

1. На Европската комисија вклучувањето на темите од попреченоста ќе и бидат врвен приоритет во следната финансиска рамка на ЕУ, обезбедувајќи дека програмите за финансирање ги промовираат пристапноста и инклузијата на лицата со попреченост.
   Ова опфаќа:
   - Обезбедување безбедности и права во кризни ситуации: Зголемување на програмите за финансирање кои даваат приоритет на безбедноста и правата на лицата со попреченост во зони на конфликти, хуманитарни кризи и природни катастрофи вклучително и климатски акции.
   - Усогласување на официјалната помош за развој и инвестиции со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост: да се осигури дека помошта

## Активности на Европскиот форум за попреченост

и инвестициите од ЕУ како што се Global Gateway Initiatives, се инклузивни и пристапни и ја поттикнуваат Европската инвестициска банка да даде приоритет на вклучувањето на попреченоста во своите идни трошоци за официјалната помош за развој.

- Поддршка за учество на организации на лица со попреченост во Конференцијата на држави потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост: Финансирање на организации на лица со попреченост за учество на Конференцијата на држави потписнички. Комисијата ќе ги поттикнува земјите членки да финансираат годишно учество на претставници на организациите на лицата со попреченост на Конференцијата на држави потписнички. Земјите членки мора да ги известуваат организациите на лицата со попреченост најмалку три месеци однапред за да се овозможи време за подготовка и пријавување на говорници.
- Придонес за глобалниот фонд за попреченост: распределување на најмалку 10 милиони евра во Глобалниот фонд за попреченост (претходно Партнерство на ОН за правата на лицата со попреченост) преку инструментот за соседство, развој и меѓународна соработка – тематската програма Глобална Европа „Глобални предизвици".
- Промовирање на инклузија преку пред-пристапните фондови на ЕУ: зголемување на финансирањето преку Инструментот на ЕУ за пред-пристапност (ИПА) за програми кои промовираат инклузивно образование, вработување, самостојно живеење и пристапност.

### Акции и ангажмани

Други заложби кои ЕУ мора да ги направи:

2. Развивање на акционен план за попреченост за надворешна акција на ЕУ: до 2025 година, Европската комисија ќе усвои Акционен план за попреченост за надворешна акција, слична на постојните Акција за млади и плановите за родова еднаквост во надворешните акции на ЕУ.
3. Да обезбеди значаен ангажман на организациите на лица со попреченост: Европската комисија дополнително ќе работи со организации кои ги застапуваат лицата со попреченост во секоја фаза за да ја следи и унапредува инклузијата во рамките на активностите на ЕУ за меѓународна соработка и хуманитарни акции.
4. Подобрување на процесот на собирање податоци, мониторинг и евалуација: Европската комисија ќе собира податоци за попреченост, возраст и пол во рамките на своите иницијативи за надворешна акција. Ова опфаќа:
   - Зајакнување на индикаторите за инклузија на попреченоста во известувањето на ЕУ: Вградување на задолжителни и недвосмислени индикатори кои обезбедуваат квантитативни податоци за инклузија на лицата со попреченост, и како корисници и како рамноправни партнери, преку механизмите за известување на партнерите во Европските операции за цивилна заштита и хуманитарна помош.
   - Зајакнување на маркерот на политиката за попреченост: Застапување преку членството на Комитетот за развојна помош на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), за подобрување на стандардите за вклучување на лицата со попреченост со барање од сите проекти да „не прават штета" на лицата со попреченост и да наложуваат активно вклучување на организациите на лицата со попреченост во сите фази.
5. Вклучување на попреченоста во редовните текови, еднаквост и меѓусекторска инклузија: Европската комисија во целост ќе ги инкорпорира правата од областа на попреченоста во сета меѓународна соработка на ЕУ, хуманитарни акции, климатски акции и Global gateaway иницијативи вклучително и следењето на Акциониот план на ЕУ за родова еднаквост (GAP III), Акциониот план за човекови права и демократија и новиот пакт на ЕУ за миграција и азил. Ова подразбира:
   - Вклучување на попреченоста во редовните текови на проектните фази: Вградување на инклузијата на попреченоста од креирањето на проектот до евалуацијата.
   - Давање приоритет на правата на маргинализираните групи: Давање приоритет на правата на ризичните групи како што се жени и девојки со попреченост, млади со попреченост, мигранти и бегалци со попреченост, итн.
   - Унапредување на признавањето на националните знаковни јазици: поддршка на признавањето на националните знаковни јазици.
6. Градење на капацитет за практика која ја вклучува попреченоста: Европската комисија ќе го обучи персоналот на ЕУ и партнерите за да осигура дека инклузијата на попреченоста е вградена низ сета нивна работа и проекти, вклучително и проекти и реформи финансирани од Инструментот за претпристапна помош (IPA), со особено внимание на мигранти и бегалци со попреченост.
7. Унапредување на правата во областа на попреченост во земјите кандидатки за влез во ЕУ: Европската комисија ќе ги поддржи земјите кандидатки за влез во ЕУ да ја имплементираат Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост преку поддршка на рамки за мониторинг кои ќе го следат напредокот и ќе обезбедат одговорност.
8. Почитување на правата на мигрантите и бегалците со попреченост: Европската комисија ќе ја осигури инклузијата и заштитата на мигрантите и бегалците со попреченост преку воведување на нови мерки со кои ќе ги решава препреките со кои тие се соочуваат во приемните центри и процесите за долгорочна инклузија.
9. Зајакнување на заштитата на лицата со попреченост во кризни ситуации и климатски акции: Европската комисија ќе даде приоритет на безбедноста и инклузијата на лицата со попреченост во хуманитарни кризи, конфликти и климатски акции.
10. Поддршка за пристапно закрепнување и реконструкција во Украина: Европската комисија ќе организира конференција, во партнерство со организации на лица со попреченост, со фокус на пристапноста на пост-кризно закрепнување и реконструкција.

**Преземен текст од официјалната веб-страна на Европската комисија**

# Напредок и предизвици за образованието и грижата во раното детство во Европа

**„Наодите се истовремено и охрабрувачки и отрезнувачки. Многу европски земји постигнале значаен напредок во проширување на пристапот до образование и грижа во раното детство. Сепак, универзалното право на рано образование сè уште не е во целост гарантирано, а квалитетот на сервисните служби варира низ сите земји.“**

Овој цитат добро ја резимира актуелната состојба во образованието и грижата во раното детство во Европа. Овие зборови од Roxana Minzatu, Извршен потпретседател за социјални права и вештини, квалитетни работни места и подготвеност, се вклучени во нејзиниот предговор на третото издание на извештајот „Клучните податоци за образованието и грижата во раното детство во Европа“, објавено во јануари 2025 година.

Нарачан од Европската комисија, а спроведен од Eurydice, овој извештај опфаќа 37 европски земји. Поточно, ги опфаќа 27-те земји членки на ЕУ, како и Албанија, Босна и Херцеговина, Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн, Црна Гора, Северна Македонија, Норвешка, Србија и Турција.

Третото издание на клучните податоци за образование и грижа во раното детство нуди сеопфатна и длабинска анализа за состојбите во образованието и грижата во раното детство низ Европа. Извештајот овозможува свежа и нијансирана перспектива на пејзажот на образованието и грижата во раното детство. Дава преглед на промените на политиките во изминатата деценија и воведува нови индикатори за да ги одразат приоритетите кои се развиваат во полето на образованието и грижата во раното детство. Овие сознанија даваат јасна слика за моменталната ситуација и главните трендови низ Европа, како и подлабоко разбирање на поединечните системи.

Извештајот е поделен на два дела. Во првиот дел дадени се индикаторите за пристап, владеење, финансирање, персонал, наставен план и мониторинг, а покажува како овие области се меѓусебно поврзани. Она што е ново оваа година е дополнувањето на индикаторите поврзани со инклузија, финансирање, работни услови на персоналот и плати. Вториот дел од извештајот се фокусира на секоја земја претставувајќи ги главните карактеристики на нивниот систем за образование и грижа во раното детство.

**Клучните наоди на овој извештај опфаќаат:**

- Иако се поголем број европски земји гарантираат бесплатно и универзално образование и грижа во раното детство за деца од три годишна возраст, многу малку од нив овозможуваат вакви сервисни служби за деца од најрана возраст (0 – 3).
- Постои недостиг од наставни планови во образованието и грижата во раното детство за деца на рана возраст (0 до 3 години). Во една четвртина од образовните системи, наставните планови се исклучително наменети за деца од 3 годишна возраст.
- Просечното финансирање во образование и грижа во раното детство кај земјите од ЕУ е малку зголемено. Во 2024 година, тоа било околу 0.6 до 0.8% од БДП.




- Мало намалување на јазот помеѓу крајот на напуштањето на згрижувањето на деца и загарантирано место во образованието и грижата во раното детство. Во 2024 година беше 2.4 дена.
- Конвергенција на платите за предучилишните и наставниците во основното образование, на исто ниво на минимални квалификации. Повеќето земји членки на ЕУ имаат исто ниво на плати.

На крај, извештајот опфаќа дел за инклузивност, известувајќи за насочени национални мерки и политики поставени за да поттикнуваат присуство за деца кои се соочуваат со препреки, особено деца со посебни потреби и деца со попреченост. Иницијативните вклучуваат:

- Посебно финансирање за да се унапредува пристапноста и инфраструктурата за да се вклучат децата со посебни образовни потреби и попречености во редовното образование и грижа во раното детство.
- Обезбедување на намалувања во плаќањето.
- Приоритет при приемот.

Генерално, овој извештај нуди сеопфатни и детални податоци за образованието и грижата во раното детство, што овозможува споредба, како и конкретни информации и примери за националните политики во образованието и грижа во раното детство. Ова го прави извештајот клучен инструмент за поддршка на развојот на бесплатни, пристапни, со висок квалитет и инклузивни системи за образование и грижа во раното детство во Европа со тоа што на креаторите на политики, истражувачите и родителите им овозможува детални податоци и примери на политики за образование и грижа во раното детство од цела Европа.

# Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА

## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш

Активностите на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш и во изминатиот период се спроведуваат согласно предвидената програма за работа. На почетокот на 2025 година неколку од активностите беа поврзани со новогодишните и божиќните празници.

На почетокот на февруари, поточно 10-ти февруари, корисниците на дневниот центар беа поканети на прославување на роденденот на г-дин Николајчо Николов, поранешен директор на рудникот Бучим, кој остана верен на традицијата секоја година својот роденден да го прославува со нив. Роденденот се одбележа во ресторан „Амбасадор", а корисниците беа почестени со ручек и торта, а за лични потреби им беа подарени финансиски средства за да си купат нешто за себе. Корисниците му возвратија со мал, но скромен и уникатен подарок, рачна изработка од камен за одгледување на домашно цвеќе. Корисниците беа навистина среќни што и оваа година не беа заборавени и што им беше навистина големо изненадување заедно да го прослават роденденот во пријатна атмосфера. Воедно, имаа можност да споделат за активностите во дневниот центар, но и да се израдуваат на пофалните зборови од г-дин Николов. Оваа година менаџерскиот тим на рудникот Бучим одлучиле да бидат присутни на одбележувањето на родендените на корисниците во Дневниот центар. На 24-ти февруари претставници на менаџерскиот тим присуствуваа на прославата за роденденот на еден од корисниците и ги изненадија со торта и подароци. Оваа идеја е за поздравување и претставува пример како општествено одговорна компанија наоѓа начини да посвети внимание на ранлива група на граѓани во општината за тие да се почувствуваат како дел од заедницата. На 28-ми февруари дел од корисниците на дневниот центар, заедно со нивните родители, реализираа продажба на мартинки по повод денот на пролетта во ООУ „Никола Карев". Продажба на мартинки се реализираше и во СОУ „Коста Сусинов". Корисниците беа особено радосни што се дел од овие активности на училиштата каде имаа можност да го претстават и да го вреднуваат својот труд. Средствата што се собраа од продажбата, ќе се наменат за потребите на дневниот центар.





Директорот на рудникот Бучим, по повод 8 Март, ги изненади девојките и мајките во дневниот центар со подароци и желби за многу здравје.

## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп

Покрај редовните активности кои се дел од секојдневието на корисниците во дневниот центар, во соработка со наставничката Вера Попоска еднаш неделно се одржуваат креативни работилници каде што се дава фокус на учењето на англиски називи на предмети и животни на сликовит начин со картички. Исто така, кон крајот на месец јануари, студентка од Ветеринарниот факултет во Скопје одржа кратко предавање и креативна работилница за важноста на грижата кон домашните миленици. Корисниците еднаш месечно го посетуваат фризерскиот салон во СОУ „Ѓорче Петров" каде што добиваат бесплатно постригнување, третман и фризура направена со користење на различни техники.

Кон крајот на месец февруари започнаа подготовките за претстојните празници за месец март. Се одржа работилница каде што се плетеа мартинки кои подоцна корисниците ги подарија за здравје на најблиските. Секој корисник засади по едно саксиско цвеќе во чест на претстојниот празник 8-ми Март за кое води еднонеделна грижа во дневниот центар пред да го подари на блиска личност при што со оваа активност се развива



## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА



чувство за одговорност кај корисниците. Осмомартовските работилници се одржаа во дневниот центар во соработка со Интеракт клуб каде што се изработуваа фигури во форма на цвет и потоа се пакуваа во декоративни кутии, а со наставничката Вера Попоска се изработуваа осмомартовски честитки.

### Дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје

Крајот на календарската година секогаш е наменет за сублимирање на сработеното и впечатоците од годината која заминува, но и согледување на новите можности кои ги нуди секој почеток. Така, во дневниот центар во населбата Аеродром на 30 декември се организира предновогодишна забава за корисниците на двата дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје. Покрај вообичаената забава корисниците беа посетени и од група ученици од училиштето „Јахаја Кемал“ кои на сопствена иницијатива средствата собрани од базарот организиран во нивното училиште ги наменија за потребите на корисниците во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје. Истите донираа две магнетни табли, две машини за пластифицирање, како и потребен прибор за користење на истите. Во дневните центри со заеднички активности корисниците ги одбележаа празниците Божиќ и Василица.

Традиционално, во дневниот центар во Аеродром се изврши кршењето на василичарската погача со паричка. На 21 јануари 2025 година во просториите на дневниот центар во Аеродром во посета беа претставници од организацијата ХЕРА и нивни соработници. На оваа средба уште еднаш беше истакната потребата од обезбедување на соодветно адаптирани програми за сексуално образование на лицата со попреченост.

Како продолжување на остварената соработка со О.О.У „Киро Глигоров“ во општина Центар по повод празникот 8 Март во просториите на дневниот центар во населбата Капиштец беа реализирани работилници со ученици од VII б одделение. Тие на 5.3.2025 заедно со училишниот психолог Дијана и наставничката Катерина изработуваа осмомартовски честитки, цртаа, плетеа



цветови од волница и хартија. По истиот повод, на 6.3.2025 година, работилница со слична тематска поставеност се реализира и во дневниот центар во населбата Аеродром, овој пат со ученици од деветто одделение. Истите зедоа учество и во активностите за засејување на различни семиња и подготовка на цветен расад. Посебен интерес учениците покажаа за работилницата за изработка на накит каде заедно со корисниците на дневниот центар изработуваа обетки и нараквици од различни видови на мониstра. Сончевите денови во изминатиов период беа искористени за посета на парцелата во општествената градина Зелена Арка, „Бостание“. Исто така, во дневните центри корисниците самостојно засејува расади со семенски материјал. Официјално со ова започна и новата градинарска сезона.

Како и во цела 2024 година така и во оваа година корисниците од двата дневни центри продолжија континуирано да рециклираат пластична амбалажа на вендинг машините на Пакомак. Иако временските услови не беа наклонети за реализирање на повеќе социјални активности во отворена социјална средина, корисниците во дневните центри секојдневно обработуваа теми и насоки за спроведување на дневна рутина во услови на самостојно живеење.

Во периодот од почетокот на декември 2024 и средината на јануари 2025 година во просториите на дневниот центар во населбата Аеродром и оваа година се спроведоа активности за продолжување на бесплатните годишни билети за ЈСП за членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Скопје. Оваа активност е овозможена во соработка со секторот за детска, социјална и здравствена заштита на Град Скопје.



## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА



### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип редовно се реализираат согласно предвидените програмски активности. Покрај овие секојдневни активности се реализираа и низа креативни работилници. Дел од нив беа посветени на теми кои се однесуваа на одбележување на позначајни верски и државни празници во нашата земја. На 6-ти јануари дел од корисниците од дневниот центар зедоа учество во осмата по ред Божикна поворка која го навестува Христовото раѓање. На 8-ми јануари во посета на дневниот центар беа претставници на Евангелската црква во Штип, по повод Божикните празници, а воедно на корисниците им поделија Божикни подароци подготвени од деца и младинци од Република Германија. На крајот од јануари, волонтери од Клубот на млади при Црвен крст во Штип заедно со корисниците спроведоа работилница на која преку адаптирана презентација корисниците беа вклучени во интеракција и практично во дел од активностите со цел полесно совладување на вежбите за помош и самопомош при повреда.

Во текот на февруари се реализираа неколку креативни работилници. Една од нив беше организирана од страна на волонтерите од Клуб на млади при Црвен Крст - општинска организација Штип, а одржана во просториите на дневниот центар. На работилницата корисниците заедно со волонтерите изработуваа мартинки од засукани бели и црвени конци или волница украсени со монистри во боја. Секој од корисниците со помош на волонтерите изработија мартинки и меѓусебно си ги разменија со желби за здравје и среќа. Волонтерите преку кратки приказни ја споделија информација за симболиката и традицијата на мартинките. Последниот ден од февруари, корисниците на дневниот центар самостојно изработија мартинки со помош на бела и црвена волница, истите ги украсија со монистри и се упатија кон градскиот пазар со цел да ги поделат помеѓу луѓето.

Претставници од ЕУРОАРТ и оваа година ги посетија корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Штип, донесоа средства за хигиена за потребите на дневниот центар, а покрај тоа претставниците на ЕУРОАРТ одржаа кратка обука за познато македонско оро. Корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Штип добија понуда во слободното време да посетуваат некои од курсевите и обуките кои нуди академијата.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница редовно ги реализира предвидените програмски активности. Се реализираат когнитивно едукативни активности, практични активности и активности со семејствата на лицата со интелектуална попреченост. Во текот на месец јануари повеќе внимание се обрна на празниците во овој период. Со корисниците се разговараше за новогодишните и Божиќните празници и нивното значење, начините на кои се одбележуваат, а секој од нив имаше можност да истакне моменти кои им предизвикале некое посебно чувство или состојба. Се делеше и лепче со паричка, а тоа пак се искористи за да се разговара и за соодветно однесување за време на оброците, како во домот, така и во ресторани. Активностите продолжија и со работилници на тема зима, на кои се изработуваа цртежи, а се разговараше и за соодветна облека во зимно време, храна која е корисно да се јаде во овој период.

Почетокот на февруари, исто така, го обележија активности поврзани со празници. По повод Св. Трифун се разговараше за грозјето, за кроењето на виновата лоза и правење вино. Се изработуваа цртежи и се разговараше на темата љубов за да се обележи Св. Валентин. Понатаму, се реализираа и активности за повторна употреба на отпад и изработка на вазни од отпаден материјал. Се одржаа и креативни работилници за изработка на цвеќиња, букети и украси од различни материјали по повод меѓународниот ден на жената. Се читаа и учеа едноставни стихови за мајката, и се изработуваа цртежи. Се одржа и работилница на која корисниците на социјалниот клуб изработуваа мартинки.





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА





### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци

Во изминатиот период во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци се реализираа когнитивно – едукативни активности, практични активности, рекреативни активности и активности со семејствата на лицата со интелектуална попреченост. Во почетокот на јануари се спроведоа активности на кои се креираше и се разговараше за семејните и христијанските празници. Во текот на јануари се започна и со спортско рекреативни активности во спортската сала на средното земјоделско шумарско училиште „Ѓорче Петров“ кои се реализираат два пати неделно. За спортските активности ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци обезбеди превоз за корисниците на социјалниот клуб преку ЈП Градски превоз. На 31-ви јануари се одржа фудбалски натпревар помеѓу корисниците на социјалниот клуб и членови на здружение од Неготино.

Во текот на февруари програмските активности во социјалниот клуб редовно се реализираа, а беа организирани и посети на кошаркарскиот натпревар на КК Тиквеш Голден Игл и Шкупи, и фудбалскиот натпревар на ГФК Тиквеш и Пелистер.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија

Активностите во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија непречено се спроведуваа во изминатиот период. По повод новогодишните празници беа подготвени и поделени скромни пакетчиња со одредени неопходни намирници за дома од страна на локални фирми. На една од работилниците беа подготвени бадникови гранчиња од дабово дрво и украсно декорирани. Истите беа донирани од наша страна во црквата по повод големиот христијански празник Бадник. Дел од нашите членови и нивните родители учествуваа во Бадниковата поворка на 6 јануари најавувајќи го големиот христијански празник Христовото рождество Божиќ. По повод православната Нова Година во просториите на социјалниот клуб се организираше традиционално кршење лепче со паричка. На настанот беа поканети и присуствуваа претставници од неколку граѓански здруженија кои ги поддржуваат активностите на социјалниот клуб. Во знак на благодарност се доделија благодарници и тоа на: Фондација „Ице Бегов“, Точак клуб Гевгелија, Актив на жени пензионерки Гевгелија и Здружение на граѓани ChangeMakers4All.

На секоја креативна работилница се учат и се повторуваат вештини неопходни за секојдневно самостојно функционирање на секој корисник како што се: варење кафе, чај, употреба на прибор за јадење, послужување, миење садови, одржување на хигиена во работна просторија и кујна. На две работилници во изминатиов период корисниците приготвуваа едноставни рецепти од пудинг и исто така учеа послужување на овошје, а со тоа и како се користи приборот за јадење, миење садови и сл. На последните работилници од месец февруари се започна со изработка на честитки и други скромни подароци изработени од украсна самолеплива хартија и картон, по повод денот на жената 8 Март.

Исто така, дел од времето на работилниците е наменето за заеднички друштвени игри како што се пикадо, куглање во импровизирани услови, редење слагалица самостојно или со помош, играње карти, „не лути се човече“.

На почетокот од јануари беше подготвено и испратено писмено известување до г-ѓа Ангелина Петкова, пратеник во Собранието на РСМ, согласно остварената средба со родителите и членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Гевгелија организирана по повод 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Беше подготвено и испратено писмено барање до Градоначалникот и Совет на општина Гевгелија за овозможување превоз на членовите до просториите на Социјалниот клуб од Негорци. Исто така, беше побарано решавање на проблемот со паркинг просторот пред просториите на Социјалниот клуб во периодот кога се одржуваат креативните работилници и овозможување на две одбележани паркинг - места во центарот на градот кои би ги користеле родителните на членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Гевгелија.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица редовно ги реализира и спроведува планираните програмски активности пропратени со низа креативни работилници. Почетокот на јануари го одбележаа активностите околу Божиќните празници, па се реализираа неколку креативни работилници на оваа тема.

На 9-ти јануари корисниците на социјалниот клуб, заедно со родителите, беа повикани на Божиќен ручек во етно ресторанот „Кај Виктор“ Босилово со уште неколку други невладини организации. Корисниците и родителите

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

два часа се дружеа и забавуваа со убава македонска музика. Во просториите на Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица се подготви заеднички Бадников ручек со корисниците и нивните родители, едукаторот и волонтерките. Корисниците се забавуваа со караоке забава, играа ора и песни во празнична божиќна атмосфера.

По завршувањето на празниците, корисниците реализираа активности за расчистување на просториите. Ја раскитија новогодишната елка, ги собраа новогодишните украси и лампиони и сортирајќи ги според боја ги ставија во посебни кутии. На крајот од месец јануари се одржа средба со родителите на корисниците на социјалниот клуб на кој што беа разгледани постигнатите резултати од изминатата година и се дискутираше за нови идеи, предлози, барања и забелешки, кои воедно ќе бидат вметнати во планирањето на Годишната програма на активности за претстојната 2025 година и ќе бидат опфатени и реализирани во месечните активности.

Во текот на февруари, покрај редовните когнитивно-едукативни активности, практични активности и активности со семејствата се реализираа и неколку креативни работилници за рачни изработки. Една од работилниците беше посветена на празникот Св. Трифун и се изработуваа гроздови од најразлични материјали, а се разговараше и за значењето на овој празник, Се реализираше и работилница по повод Св. Валентин, на која пак се изработуваа срциња од најразлични материјали и се декорираа со светкава хартија и фломастери. Се украсија и стаклени чаши за чај со љубовна тематика. На 14-ти февруари, корисниците на социјалниот клуб беа во посета на општина Струмица, Градоначалникот на општина Струмица, библиотеката „Благој Јанков – Мучето“, приватната здравствена установа „Александар“, НЛБ Тутунска Банка и ги подарија изработените украси по повод СВ. Валентин. Една од работилниците беше посветена на Струмичкиот карневал, па корисниците изработуваа најразлични карневалски маски.

На почетокот на месец март, корисниците изработуваа рачни изработки и честитки по повод меѓународниот ден на жената, кои потоа ги поделија во Центарот за активно стареење во с. Турново, заедно со организацијата „Говорот на срцето“ од с. Босилово и во општинската организација на Црвениот крст во Струмица.




### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола, согласно програмата за работа редовно ги реализира своите активности. Во текот на месец јануари покрај активностите за стекнување когнитивни, социјални и практични вештини се реализираа и активности за одбележување на новогодишните и Божиќните празници.

Дел од корисниците учествуваа на Бадниковите поворки – Бадник низ Широк Сокак, со свои изработени бадникови ѕвезди. Бадниковите поворки беа и ден за дружење и посета на црквата Св. Димитрија, каде што се пееја и Божикни песни. Во пресрет на големиот христијански празник Божиќ, во социјалниот клуб се одржа и Божиќна едукативна работилница со професорот по етика, Драги Анастасовски, и членови од хуманитарната организација Утешител. На работилницата тие поблиску ни ја доловија и раскажаа Божиќната радост за Христовото раѓање. Многу прашања беа поставени од корисниците, кои трпеливо и со голем интерес слушаа, одговараа и соработуваа во работилницата.

По повод верскиот празник Божиќ, социјалниот клуб го посетија членки од УЖ на ВМРО, Ветерани и млади од ВМРО, кои за корисниците и социјалниот клуб, подарија пригодни подароци. Среќни Божиќни празници, со желби за здравје, нашите корисници им посакаа на сите гости, со кои разговараа, се дружеа и споделија многу убави моменти од претходните активности, односно раскажуваа за активностите, нивното творештво на ракотворби во социјалниот клуб. Останатите работилници во месец јануари се реализираа со друштвени игри, креативност и одржување на хигиената во клубот.

Во февруари се реализираа неколку креативни работилници насочени кон изработка на осмо мартовски ракотворби, односно цветни букети и честитки кои корисниците потоа ги подарија на дел од соработниците на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола и на социјалниот клуб.

Една од работилниците во месец март беше за расадување и садење на пролетни цвеќиња кои ќе ги украсуваат просториите на социјалниот клуб, а идната задача не корисниците ќе биде и да се грижат за посадените цвеќиња.



ПОРАКА

# Наша Страница

## Креативна работилница на социјалниот клуб на РЦПЛИП - ПОРАКА во Битола

Соработката на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола со ООУ „Тодор Ангелевски“ продолжува и оваа година. Ученици од петто одделение од ова училиште, заедно со наставничката Весна Гагаловска беа во посета на социјалниот клуб. Заедно со корисниците спроведоа интересна и креативна работилница на која се твореше на различни теми.





Секој од присутните имаше можност да ги изрази своите уметнички и креативни способности. На крајот од работилницата сите присутни испратија пораки за пријателство и општество без предрасуди.





ISSN 0350-5863